МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

# КНИГА НА АПСТРАКТИ
# ABSTRACT BOOK

*IV Македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество*

*IV Macedonian Psychiatric Congress and International Meeting*

**Охрид, 27-31 мај 2009**
**Ohrid, 27-31 May 2009**

МАКЕД. МЕД. ПРЕГЛ. ГОД 63 (СУПЛ. 74), СТР 1-123, 2009

на современата психијатрија и олеснување на нивната социјална реадаптација и ресоцијализација. Една од главните улоги на вонболничкиот третман се однесува на редовно земање на терапија, редовни контроли кај психијатар и дали се придржува на дадените совети за квалитетот на животот на пациентот. Во врска со гореневеденото, големо внимание е насочено кон психо и социо терапија која има цел да се зголеми мотивираноста и контролата на земањето на медикаментозната терапија, која се спроведува преку тимско подготвување на индивидуални планови за секој пациент одделно. Една од главните водилки е да се внимава да пациентот не се демотивира во однос на неговите планови поврзани со неговата иднина, водејќи притоа грижа да истиот, добивајќи ги овие совети се стави во оптимално нормални рамки за негов реалитет (за секој од нив индивидуално) . Во Центарот за ментално здравје Влае, на дневно болнички престој во текот на еден месец во 2008 година, просечно се третирани 85 корисници, во амбулантскиот дел 160 пациенти, а во единицата за кризни интервенции и превенција со домашно лекување реализирани се вкупно 158 интервенции.

P-125

## ПСИХОСОЦИЈАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА - АЛТЕРНАТИВНО РЕШЕНИЕ НА МЕНТАЛНО ЗДРАВСТВЕН ТРЕТМАН ВО ЗАЕДНИЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Јорданова Пешевска Д.**, Филов И.
Светска здравствена организација - канцеларија Скопје
Психијатриска болница Демир Хисар

**Вовед:** Психосоцијалната рехабилитација преку моделот на социјалниот клуб претставува сеопфатен пристап и демонстрација на успешно вклучување на лицата со ментална болест во заедницата. Клучот за успехот лежи во начинот на поддршка, прифаќање за потенцијално учество и успех на секој поединец во заедницата и покрај неговата болест.

**Материјал и методи:** Користен е прашалник, според моделот Енгстром (1995), прилагоден на приликите во Македонија од страна на авторите на ова истражување. Бројот на испитаниците е 65 членови, од 3 социјални клубови во Скопје, Тетово и Гевгелија. Кај сите испитаници се анализирани неколку важни моменти на социјалното вклучување како што е вработувањето, социјалните контакти, образованието и сл.

**Резултати и дискусија:** Клучните моменти на социјалното вклучување на лицата со ментална болест се социјалните односи, односно семејните врски, и односите во рамките на работното опкружување и образованието. Социјалните клубови како дополнителни методи за рехабилитација овозможуваат поуспешна ресоцијализација на лицата со ментална болест во рамките на заедницата, обука за работа и вештини, можности за привремено вработување и подобрување на социјалниот статус. Сепак, се поставува прашањето на самоодржливоста на социјалните клубови кои се воглавно поврзани со активноста на невладиниот сектор.

P-126

## ПРОБЛЕМИ ПРИ ХОСПИТАЛИЗАЦИЈАТА НА ПСИХИЧКИ БОЛНИТЕ

**Ристевска Г.**, Стефановски Б., Стојчевска Н., Степаноска Ј., Ристевска С.
Клиника за психијатрија - Скопје

**Вовед:** Правното решение за хоспитализацијата на психички болните во секоја земја е различно. Постапката не е униформирана ни во земјите на Европската Унија која тежнее кон правно приближување на законодавствата на земјите членки. Разликите во постапката водат кон разлики во хоспитализирањето на психички болните, што пак им отежнува на истражувачите да ја споредуваат ефикасноста на системите.

**Цели:** Да се прикаже цивилно - правниот статус и проблемите во заштитата на психички болните лица при нивна хоспитализација. Да се укаже на недостатоците во правните акти кои ја регулираат хоспитализацијата на психички болните во РМ.

**Резултати и дискусија:** Членовите од Законот за вонпарнична постапка на РМ кои ја регулираат доброволната хоспитализација не се имплементираат целосно во пракса во ниедна психијатриска установа во замјата. Членовите од Законот за вонпарнична постапка на РМ кои ја регулираат присилната хоспитализација се имплементираат во психијатриските установи, но реакцијата на судските органи најчесто е задоцнета и само формална.

**Заклучоци:** За поквалитетна правна, етичка и медицинска заштита на психички болните се јавува потреба од осовременување на Законот за вонпарнична постапка. Хоспитализацијата на психички болните заслужува посебен законски акт од типот на Законот за ментално здравје на Англија. Законски треба да се овозможи поедноставна процедура за хоспитализација на секој пациент кој доброволно пристапува кон лекување во психијатриска установа.